# Записник
# од Десетата седница на Генералното собрание
# на GS1 Македонија

одржана на 11.05.2016 година

Врз основа на член 10 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за GS1 стандарди GS1 Македонија, претседателот на Собранието на GS1 Македонија, г-дин Симон Наумоски, свика Десета седница на Генералното собрание на GS1 Македонија на 11.05.2016 година, со следниот

## Д н е в е н р е д

1. Предлог-записник од Деветата седница на Генералното Собрание одржана на 17.12.2015 година;
2. Предлог-извештај за работа на GS1Македонија во 2015 год;
3. Предлог-ревизорски извештај по завршна сметка за 2015 год;
4. Компаративна анализа на финансиските резултати 2010- 2015 год;
5. Информација за тековните активности и новите проекти на GS1 Македонија за I-IV 2016 година;
6. Одлуки на Управниот одбор за престанок на членство во GS1Македонија, по основ на: доброволно откажување; преотстапување на GS1 број; стечај и ликвидација;
7. Одлука на Управниот одбор за висината на надоместокот за GLN броеви за 2016 година;
8. Р а з н о

Седницата ја отвори и ја водеше г-дин Симон Наумоски, претседател на Собранието на GS1 Македонија. Со работа започна во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа 45 претставници на членките на GS1 Македонија. Согласно протоколот за присуство на седница на Генерално Собрание, сите присутни имаа претходно доставено до Генералниот извршен директор на GS1 Македонија писмена пријава за учество и предадено Полномошно за номинирано лице од фирмата за легитимно учество во работата и носењето на одлуки на Генералното Собрание.

Претседателот Наумоски констатира дека Генералното Собрание може полноправно да продолжи со работа со оглед дека постои поголем број од одредениот кворум од 21 член од вкупниот број членови на Собранието (согласно член 11 од Статутот на GS1 Македонија).

Г-дин Наумоски предложи записничар да биде г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија, а двајца оверувачи на Записникот да бидат: г-дин Игор Илковски, менаџер во Инфо-Код ДОО, Скопје и г-дин Славчо Бујароски, директор на Сигма-СБ, Скопје.

Предлозите за записничар и оверувачи едногласно се усвоија.
Предложениот Дневен ред едногласно се усвои.

**АД/1** Записникот од Деветата изборна седница на Генералното Собрание на GS1 Македонија одржана на 17.12. 2015 год. се усвои без забелешки. Претседателот Наумоски потенцираше дека на Деветата седница Собранието ги усвои и донесе Програмата за работа во 2016 и Финансискиот план за 2016, што е и содржано во Записникот, па затоа на денешната седница не се поставени на Дневен ред, а Извештајот за работа во 2015, кој е разгледуван на Деветата седница, сега е дополнет со податоци заклучно со 31.12.2015 и затоа е предмет на денешната, Десета седница на Генералното Собрание.

**АД/2** Предлог-извештајот за работа во 2015 год. го образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Активностите за непосредни контакти со членките се зголемени и нивно интензивно информирање за бенефитите од користењето на GS1 стандардите, со воедно пружање на дополнителни инструкции и стручни совети за правилна примена на баркодовите. Продолжено е со имплементација на проектите: Сертифицирана Акредитација, GEPIR, меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија и со публицистичката и едукативната дејност. Зголемено е користењето на web сајтот на GS1 Македонија од страна на членките и потенцијалните членки. За поттикнување на развојот и оптимализацијата на употребата на GS1 глобалните стандарди во деловното работење во производните и непроизводните сектори, организирани се низа едукативни семинари и интерактивни работилници со огромна посетеност. Во активностите кои ја одбележаа 2015 година, се истакнува семинарот за прв пат организиран во Р. Македонија на 02.06.2015 за новите технолохии во здравството на тема EPC/RFID- GS1 иновативна технологија на 21-от век, ексклузивната промоција на новиот лик на GS1 Каталогот и потпишување на Меморандум за соработка со АХВ на РМ, одржани на 27.10.2015 година, промотивната конференција за иднината на меѓукомпаниската комуникација со примена на EDI, одржана на 10.12.2015. Посебен акцент е даден на континуираните директни посети на членките со интерактивна обука за пополнување на GS1 Каталогот, со цел создавање на единствен валиден регистар на македонските баркодирани производи во согласност со европските и македонските регулаторни барања за безбедност на храна.

Извршниот директор истакна дека прогресот е постигнат со зголемениот обем на работа, со новите услуги кои се даваат на членките, зголемениот број едукативни активности и превод на македонски јазик на стручните брошури кои се поставуваат на web сајтот.

Во дискусијата се искажаа пофалби за остварените резултати во 2015 година, особено на полето на тековната работа со членките, зголемената промоција на GS1 стандардите помеѓу бизнис заедницата, со посебен акцент на постигнатите резултати во промоцијата на GS1 Македонија на национално и меѓународно ниво и нејзиното препознавање како деловен партнер од доверба.

По дискусијата, Предлог-извештајот за работа во 2015 година, Собранието едногласно го усвои во текст еднаков со предложениот.

**АД/3** Предлог- ревизорскиот извештај по завршна сметка за 2015 година го образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека е изработен од страна на независниот ревизор на фирмата за ревизија, проценка и финансиски консалтинг „Б и Љ, Боро и Љупчо“ ДОО –Скопје, а врз основа на

задолжителноста содржана во член 35 на Статутот на ГС1 Македонија за негово изготвување и доставување до Собранието на усвојување.

Претседателот Наумоски истакна дека финансиските извештаи објективно ја презентираат финасиската состојба на ГС1 Македонија и резултатот на финансиските активности во согласност со законските прописи во Република Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации и дека Управниот одбор го разгледал и утврдил ревизорскиот финансиски извештај и го доставува до Собранието на усвојување.

По дискусијата, едногласно се усвои Ревизорскиот извештај по завршна сметка за 2015 година.

**АД/4** Појаснување за изготвената компаративна анализа на финансиските резултати 2010-2015 година даде извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа го потенцираше фактот дека се евидентни континуираните позитивни трендови од осамостојувањето на ГС1 Македонија и во финансиските резултати. Имено, секоја година се подобрува наплатата на фактурите за годишна членарина во тековната година, од 54% во 2010 година на 91% во 2015 година. По тој основ се зголемува приливот на финансиски средства од година во година, па приходите се зголемени за 43,3% во 2015 година во споредба со 2010 година.

Анализата предизвика позитивни реакции кај сите присутни на седницата.

**АД/5** Информацијата за тековните активности и новите проекти на ГС1 Македонија за I-IV 2016 година подетално ги објасни извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ, особено потенцирајќи ја круцијалната соработка со АХВ и серијалот од одржани семинари низ сите градови во Републиката со цел подобро запознавање на членките на ГС1 Македонија со најновите законски барања во поглед на означувањето на храната.

Во своето излагање, извршниот директор ја потенцираше реализацијата на програмските задачи опфатени со Програмата за работа за 2016 во однос на следење и аплицирање на меѓународни и национални проекти. По тој основ веќе се подготвени проектни документации за три проекти согласно барањата на повиците од ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија – Грција 2014 – 2020 година. ГС1 Македонија е избрана да учествува во конзорциумот и првата фаза на преговарање е комплетно завршена за сите три проекти.

Претседателот Наумоски, како и сите присутни изразија пофалби за големиот ангажман на целиот тим на ГС1 Македонија и дадоа поддршка во насока на успешна реализација на сите понатамошни програмски активности.

**АД/6** По ова точка од дневниот ред претседателот Наумоски појасни дека врз основа на чл. 14, согласно чл. 24, 25, 27 и 29 од Статутот на ГС1 Македонија, Управниот одбор одлучува за исклучување и бришење од евиденција на членките по сите основи. Донесените одлуки на 17 –та седница на Управниот одбор одржана на 11.05.2016 година, се доставуваат до Собранието за запознавање и потврдување.

По дискусијата, Собранието едногласно ги усвои сите одлуки за престанок на членство по основ на доброволно откажување, преотстапување на ГС1 број, стечај и ликвидација.

**АД/7** Донесената Одлука од страна на Управниот одбор на 17-та седница одржана на 11.05.2016 година, за висината на надоместокот за користење на GLN бројот, ја образложи извршниот директор, Слаѓана Милутиновиќ. Таа објасни дека

всушност се предлага намалување на годишниот паричен надоместок за 1 GLN од 5.310 ден на 1.500 ден. и за 10 GLN од 17.700 ден. на 13.570 ден. Целта е да се постигне омасовување на EDI кај македонските компании, за што е потребно сите фирми кои не се членки на ГС1 Македонија, да користат GLN.

Одлуката едногласно ја прифатија сите присутни на Собранието и ги поддржаа активностите на ГС1 Македонија во насока на што поголемо користење на безхартиена документација во деловното работење преку користење на GS1 EDI стандардите, но свесни дека затоа се потребни и законски предуслови да се креираат од страна на надлежните органи.

**АД/8** По оваа точка од дневниот ред немаше дискусија.

Седницата заврши со работа во 13:30 часот.

Записничар,

г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ ______________________

Оверувачи на Записникот:

1. г-дин Игор Илковски ______________________

2. г-дин Славчо Бујароски ______________________

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Собранието на GS1 Македонија,

Симон НАУМОСКИ

Бр. 02-91/2
11.05.2016
Скопје